Уп. бр.08-141

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија, преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.10.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија, стекнува поединечна контрола над друштвото Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш, со регистрирано седиште на Византијски Булевар број 9/6, Ниш, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 20.09.2023 година, а дополнето на 27.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија, (во понатамошниот текст: Телеком Србија) со која Телеком Србија стекнува поединечна контрола над друштвото Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш, со регистрирано седиште на Византијски Булевар број 9/6, Ниш, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнатa и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Телеком Србија** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија има едно поврзано правно лице[1] на територијата на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за давање услуги широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги за дистрибуција на медиумска содржина и малопродажен пазар за давање услуги на фиксна телефонија на територија на Република Србија.
Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш нема поврзани правни лица, ниту пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје

последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Проф. Д-р Владимир Наумовски